Australian Government
Services Australia

# Како да добиете доказ за вашата вакцинација против COVID-19

Во вашата immunisation history statement (потврда за историјата на имунизација) е запишан вашиот статус на вакцинација против COVID-19.

Најлесен начин да ја добиете потврдата е по интернет користејќи ја:

- вашата myGov сметка
- апликацијата за мобилен телефон Express Plus Medicare.

## Како да ја добиете вашата immunisation history statement (потврда за историјата на имунизација) ако имате право на Medicare

Преку myGov:

1. Пријавете се (sign in) на вашата myGov сметка.
2. Одберете ја брзата врска **COVID-19 Vaccination status**.
3. Одберете го вашето име и потоа **View immunisation history statement (PDF)**.

Користејќи ја апликацијата за мобилен телефон Express Plus Medicare:

1. Пријавете се (sign in) во апликацијата.
2. Во **Services** одберете **Immunisation history**.
3. Одберете го вашето име и потоа одберете **View immunisation history statement.**

Ако не можете да ја добиете вашата immunisation history statement преку интернет или ви треба помош, јавете се на **1800 653 809**.

### Ако немате Medicare интернет сметка

За да отворите Medicare интернет сметка, треба Medicare online да го поврзете со вашата myGov сметка.

Пријавете се (sign in) или отворете (create) ваша myGov сметка на **my.gov.au**

Потоа може да се поврзете со Medicare користејќи:

- го бројот на вашата Medicare карта и податоците од вашата Medicare историја
- шифрата за поврзување (linking code) што ви е дадена или по телефон или во центар за услуги.

За помош околу поврзување на Medicare со myGov, видете на **servicesaustralia.gov.au/medicareguides**

# Како да ја добиете вашата immunisation history statement (потврда за историјата на имунизација) преку интернет ако немате право на Medicare

Потврда за вашата историја на имунизација може да ја добиете користејќи Individual Healthcare Identifier (IHI) service преку вашата myGov сметка.

Заради проверка на вашиот идентитет треба да ни дадете податоци од еден од следните документи за идентитет:

- вашиот пасош со валидна австралиска виза
- вашата австралиска возачка дозвола.

Откако ќе го провериме вашиот идентитет, ќе ги користиме вашите податоци за да го креираме вашиот IHI. Исто така ќе го поврземе IHI service со вашата myGov account сметка. Тогаш ќе можете да го користите IHI service за да ја видите вашата потврда за историјата на имунизација:

1. Пријавете се (sign in) на вашата myGov сметка.
2. Одберете ја брзата врска **COVID-19 vaccination status**.
3. Одберете го вашето име и потоа одберете **View immunisation history statement (PDF).**

## За повеќе информации

- јавете се на Translating and Interpreting Service (TIS National) на 131 450 за да разговарате со нас на вашиот јазик за услугите на Medicare
- одете на **servicesaustralia.gov.au/covidvaccineproof** за повеќе информации на англиски
- одете на **servicesaustralia.gov.au/yourlanguage** каде што можете да читате, слушате или гледате видеа со информации на вашиот јазик
- одете на **australia.gov.au** за најнови информации и совети во врска со COVID-19
- посетете центар за услуги.

Забелешка: повиците од домашни телефони на броеви што почнуваат со 13 од каде и да е во Австралија се наплатуваат по фиксна тарифа. Таа тарифа може да се разликува од цената на локален разговор и од една до друга телефонска компанија. Повиците на броеви што почнуваат со 1800 од вашиот домашен телефон се бесплатни. Повиците од јавни говорници и мобилни телефони може бидат временски ограничени и наплатувани по повисока тарифа.